Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

04 Јули, 2025 година

**Архивски број:67-3742/4**

**До:** **Министер за транспорт**

**Предмет:** **Предлог за одобрување на планска програма**

**Врска:** **Наш број: 67-3742/3 од 04.07.2025 година**
**Ваш број: 15/25 од 04.07.2025 година**

Почитувани,

Комисијата за урбанизам формирана со Решение број 02-4476/1 од 09.06.2025 година од Министерот за транспорт, изврши увид во Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, Општина Штип, со плански опфат (86,67 ха), изработена од Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транспорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ", со тех.бр. 15/25, од јули 2025 година, како постапка во информацискиот систем „е-урбанизам" број 73041 со барање од Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транпорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје бр. 15/25 од 04.07.2025 година, а заведено во архивата на Министерството за транспорт под број 67-3742/3 од 04.07.2025 година.

Планската програма е изработена и поднесена до овој орган од Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транспорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, врз основа на Полномошно потврдено кај Нотар Адамчева Анита со потврда број УЗП 3027/2025 од 07.05.2025 година.

Планската програма се однесува на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење од член 17 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.С.Македонија", бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) со предмет на уредување согласно член 47 став (3) точка 6 алинеа 5 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ", бр. 225/20,


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Планската програма за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење е изработена согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и истата е со содржина согласно член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23 и 171/24 и 224/24) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ”, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Во прилог на Проектната програма се приложени:

- Полномошно од БИГ ЕНЕРЦИ СОЛУТУИОНС ДООЕЛ Скопје, претставувано од управителот Бранко Георгиевски да ја води постапката за одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, Општина Штип, заверено на нотар Адамчева Анита со потврда број УЗП 3027/2025 од 07.05.2025 година.
- Услови за планирање издадени од Агенција за просторно планирање со тех.бр. Y11223 од Март 2023, за кои е издадено Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 489/2023 од 14.03.2023 година, врз основа на кои е изработен и одобрен Урбанистички проект согласно член 58 став 6 вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Фотоволтаични електрани поставени на земјиште.
- Услови за планирање издадени од Агенција за просторно планирање со тех.бр.Y11323 од Март 2023, за кои е издадено Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15-488/2023 од 14.03.2023 година, врз основа на кои е изработен и одобрен Урбанистички проект согласно член 58 став 6 вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Фотоволтаични електрани поставени на земјиште.
- Услови за планирање издадени од Агенција за просторно планирање со тех.бр.Y23824 од мај 2024 година и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина со број УП1-15-1144/2024 од 08.07.2024, врз основа на кои е изработен и одобрен Урбанистички

проект согласно член 58 став 6 вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 -Фотоволтаични електрани поставени на земјиште.

- Услови за планирање издадени од Агенција за просторно планирање со тех.бр.Y23724 од мај 2024 година и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина со број УП1-15-1143/2024 од 20.06.2024г., врз основа на кои е изработен и одобрен Урбанистички проект согласно член 58 став 6 вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 -Фотоволтаични електрани поставени на земјиште
- Услови за планирање издадени од Агенција за просторно планирање со тех.бр.Y23624 од мај 2024 година и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина со број УП1-15-1142/2024 од 07.06.2024година, врз основа на кои е изработен и одобрен Урбанистички проект согласно член 58 став 6 вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Фотоволтаични електрани поставени на земјиште
- Услови за планирање издадени од Агенција за просторно планирање со тех.бр.Y23924 од мај 2024 година и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина со број УП1-15-1141/2024 од 07.06.2024 година, врз основа на Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, Општина Штип кој е изработен и одобрен Урбанистички проект согласно член 58 став 6 вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 -Фотоволтаични електрани поставени на земјиште.
- Услови за планирање на просторот изработени од Агенција за планирање на просторот со технички број Y06721 од јуни 2021г. и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина со број УП1-15-819/2021 од 15.06.2021 година, врз основа на кои е изработен и одобрен Урбанистички проект согласно член 58 став 6 вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Фотоволтаични електрани поставени на земјиште.
- Услови за планирање на просторот изработени од Агенција за планирање на просторот со технички број Y23125 од мај 2025 година и Решение за Услови за


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина со број 15-2464/2 од 13.06.2025 година.

- Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, Општина Штип, со плански опфат (86,67 ха), изработена од Друштво за услуги, градежништво, производство, трговија и транпорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ", со тех.бр. 15/25, од јули 2025 година.
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени - Ажурирана геодетска подлога за изработка, изработен од Друштвото за геодетски работи, проектирање, инженеринг и консалтинг „ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ - Скопје, со бр. 132/3-2025 од 05.06.2025 година и потврда за заверка на геодетски елаборат од Агенција за катастар на недвижности, бр.1110-44/2025 ОД 05.06.2025 година.

Во планската програма е предвидена површина за градење на фотоволтаична електрана со вкупна инсталирана моќност над 10 MW, односно комплекс објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори во согласност со нормативите и прописите од Правилникот за урбанистичко планирање. Во планската програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, Општина Штип планирана е класа на намена на земјиштето и градбите за предметниот опфат Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, односно Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, што е во согласност со член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ", бр. . 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) и претставуваат прва категорија на градби согласно со Законот за градење. Исто така, од увидот е констатирано дека намените на предвидените градби со класа на намена Е - инфраструктура, Е1.13 – фотоволтаична електрана со капацитет над 10MW не се во конфликт со Просторниот план на Република Македонија.

Врз основа на наведеното, Комисијата за урбанизам му предлага на Министерот за транспорт да ја одобри Планската програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, Општина Штип, со Решение согласно член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

Со почит,

- Весна Андриеска - член на Комисија
- Јулијана Ставревски - член на Комисија
- Александар Карангелов - член на Комисија
- Александар Наумоски – член на комисија
- Целе Најдески - член на Комисија

Република Северна Македонија * Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ * MINISTRIA E TRANSPORTIT
5
Скопје-Shkup


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk